# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 6

03.05.2022 година

Службен гласник на општина Делчево | Уредува

Излегува по потреба | Одделение за правни и општи работи

**МАЈ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 03.05.2022 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ АКТИ ОД ОСМАТА СЕДНИЦА

НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на својата **Осма седница**, одржана на **29.04.2022** година и тоа:

1. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен плански регион за 2021-2026;

2. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за рзботењето на Центарот за развој на Истечен плански регион за 2021 година со Годишен финансиски извештај за 2021 година;

3. **Заклучок** за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2022 за периодот од 01.01.2022 до 31.03.2022;

4. **Заклучок** за усвојување на Извештај за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2021 година;

5. **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2021 година;

6. **Одлука** за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно но земјиште за добивање на одобрение за градење на Фотоволтаична централа на терен со капацитет цца 250 KW лоцирана на К.П.бр.118, 119,120/2, 121/4, 126/1, 127/3, 128/1, 129 и 130/1, КО Трaботивиште во општина Делчево;

7. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Радојко Веселиновски;

8. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-објект помошен зграда бр.3 по барање на Радојко Веселиновски;

9. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-објект магацин за железо зграда бр.4 по барање на Радојко Веселиновски;

10. **Одлука** за одобрување на финансиски средства;

11. **Одлука** за приоритетен предлог-проект и финансиско учество за проект „Регулација на корито на река Брегалница во Централно-градско подрачје на град Делчево низводно-фаза 2“;

12. **Одлука** за приоритетен предлог-проект и финансиско учество за проект „Реконструкција на Локален пат Л-14 Делчево-Стамер-Општина Делчево, прва фаза“;

13. **Дополнување** на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

14. **Одлука** за изменување на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево бр.09- 2223 /1 од 15.11.2021 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08—816 /1**<br>**03.05.2022 година**<br>**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**<br>**Градоначалник,**<br>**Горан Трајковски,с.р.**

1.Врз основа на член 65 став 6 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ“ бр.24 и 174/2021) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 8.редовна седница, одржана на ден 29.04.2022, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Годишниот Извештај за реализација

на Програмата за развој на Источен плански регион за 2021-2026 година

1. Годишниот Извештај за реализација на Програмата за развој на Источен плански регион за 2021-2026 година бр.01-107/1 од 21.03.2022 година, **се усвојува.**
2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот регион со седиште во Штип.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

Број 09-792 /1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

29 .04.2021 год. — Претседател,

Д е л ч е в о — Гоце Попов,с.р.

2.Врз основа на член 65 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ“ бр.24 и 174/2021) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 8.редовна седница, одржана на ден .04.2022, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Годишниот Извештај за работењето

на Центарот за развој на Источен плански регион за 2022 година со Годишен финансиски извештај за работењето

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2021 година бр.01-106/1 од 21.03.2022 година, заедно со Годишниот финансиски извештај за 2021 година кој е составен дел на истиот;
2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот регион со седиште во Штип.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 793/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

29 .04. 2022 год. — Претседател,

Делчево — Гоце Попов,с.р.

4. Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 8. редовна седница, одржана на ден 29.04.2022 година, донесе
5.

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на општина Делчево**
**за периодот 01.01.2022 до 31.03.2022**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2022 до 31.03.2022.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 794 / 1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29.04.2022 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

4. Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018) и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 8.редовна седница, одржана на ден 29.04.2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Извештајот за

работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2021

1. Се усвојува Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2021 година, бр. 0102-104/1 од 18.03.2022 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево, со Одлука број 0202-115/2 од 29.03.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 795 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

29.04.2022 година Претседател,

Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

**5.** Врз основа на член 36 став 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево"бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево на својата 8.редовна седница, одржана на ден 29.04.2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Годишната сметка

На ЈКП „Брегалница" – Делчево за 2021 година

1.Се усвојува Годишната сметка на ЈКП „Брегалница" –Делчево за 2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-796 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29 .04.2022 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**6.** Врз основа на член 94 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19 и 90/20), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на уредување на висината за трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденоста („Службен весник на РМ" бр.193/2016, 72/2018 и 16/2022"), член 59 став 13 од Законот за градење („Службен весник на РМ" бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и „Службен весник на РСМ" бр.244/2019 и 18/2020), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 15 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" бр.15/13 и 2/2019), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден 29.04.2022 година, донесе

ОДЛУКА

**за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење на Фотоволтаична централа на терен со капацитет од цца. 250kW лоцирана на КП бр.118, 119, 120/2, 121/4, 126/1, 127/3, 128/1, 129 и 130/1, КО Тработивиште во општина Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Делчево се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на КП бр.118, 119, 120/2, 121/4, 126/1, 127/3, 128/1, 129 и 130/1, КО Тработивиште, за добивање на одобрение за градење на Фотоволтаична централа на ГП 1.2 од Локална урбанистичка планска документација за намена Е2-комунална супраструктура за изградба на фотоволтна електрична централа на КП бр.118, КП бр.119, КП бр.126/1, КП бр.128/1, КП бр.129, КП бр.130/1 и дел од КП бр.120, дел од КП бр.121, дел од КП бр.127, КО Тработивиште во општина Делчево, согласно Основниот проект за фотоволтаична централа на терен со капацитет од цца. 250kW лоцирана на КП бр.118, 119, 120/2, 121/4, 126/1, 127/3, 128/1,

129 и 130/1, КО Работивиште во општина Делчево изработен од ДПТПУ КМГ ЕОЛ КВАЗАР ДООЕЛ, Скопје.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09-797/1** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**29.04.2022 година** **на Советот на Општина Делчево**

**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**7.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 8. редовна седница, одржана на ден 29.04.2022 година донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект станбена куќа згр. бр. 2 –по барање на Радојко Веселиновски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број **УП I бр. 12**-**798** од **19.08.2011** година, од страна на **Радојко Веселиновски ул.„Првомајска бр.5“ – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **2** изграден на **КП бр. 2136 КО Делчево** запишана во имотен лист бр. **10431** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-798/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**29.04.2022 година** **Претседател,**

**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

8.

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 8. редовна седница, одржана на ден 29.04.2022 година донесе

ОДЛУКА

за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат

Објект помошен згр. бр. 3 –по барање на Радојко Веселиновски

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**798** од **19.08.2011** година, од страна на **Радојко Веселиновски ул.„Првомајска бр.5“ – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект помошен –** означен во елаборат како зграда бр. **3** изграден на **КП бр. 2136 КО Делчево** запишана во имотен лист бр. **10431** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-799/1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

29.04.2022 година | Претседател,

Делчево | Гоце Попов, с.р.

9.

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 8. редовна седница, одржана на ден 29.04.2022 година донесе

## ОДЛУКА

### за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат

### Објект магацин за железо згр. бр. 4 –по барање на Радојко Веселиновски

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број УП I бр. **12**-**798** од **19.08.2011** година, од страна на **Радојко Веселиновски ул.„Првомајска бр.5" – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект магацин за железо –** означен во елаборат како зграда бр. **4** изграден на **КП бр**. **2136 КО Делчево** запишана во имотен лист бр. **10431** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09-800/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

29.04.2022 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

10.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 22-а од Законот за спортот („Сл. Весник на Р.М. бр. 29/2002………190/2016), а согласно барање УП бр.21-139 од 04.04.2022, Советот на Општина Делчево на својата 8.седница, одржана на ден 29.04.2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## За одобрување на финансиски средства

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од **15.000,оо** денари на **Петар Богдановски од** Делчево.

Средствата се одобруваат за поддршка на неговото учество на ЕвропскоТО првенство во бодибилдинг и фитнес кое ќе се одржи од 5 до 9 мај во Санта Сузана, Шпанија.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2022 година на име **ПЕТАР БОГДАНОВСКИ**, на сметка 300057102671628- Комерцијална банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 –801/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**29 .04. 2022 година** — **Претседател,**

**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

11. Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево,и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ. Бр. 63/07, 187/13 и 43/14, 215/2015 Советот на општина Делчево на својата седница одржана на ден 29.04.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА
## За приоритетен предлог проект и финансиско учество за проект „РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО НИЗВОДНО- фаза 2“.

**Член 1**

Со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот **„РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО НИЗВОДНО- фаза 2“.**
Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, а по Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година од корисниците на средствата.
Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува **11.004.545** денари.

Член 2

За реализација на проектот **„РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО НИЗВОДНО-фаза 2“** во должина од 500 метри потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 20%.

Член 3

Средствата потребни за реализација на проектот **„РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО НИЗВОДНО “**ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа, а по Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година од корисниците на средствата

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен Гласник на општина Делчево“.

Бр.09-802/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29.04.2022 — Претседател,
Делчево — Гоце Попов, с.р.

12. Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево,и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ. Бр. 63/07, 187/13 и 43/14, 215/2015 Советот на општина Делчево на својата седница одржана на ден 29.04.2022 година ја донесе следната

ОДЛУКА

За приоритетен предлог проект и финансиско учество

за проектот „Реконструкција на Локален пат Л-14 Делчево – с.Стамер – Општина Делчево“

Член 1

Со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот **„Реконструкција на Локален пат Л-14 Делчево – с.Стамер – Општина Делчево“.**

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, ***Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 со индикативно планирани средства за 2023 година,*** **Проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби.**

Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 5.732.947,40 денари.

Член 2

За реализација на проектот **„Реконструкција на Локален пат Л-14 Делчево – с.Стамер – Општина Делчево“** во должина од 1300 метри потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%.

Член 3

Средствата потребни за реализација на проектот **„Реконструкција на Локален пат Л-14 Делчево – с.Стамер – Општина Делчево“** ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 со индикативно планирани средства за 2023 година, Проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен Гласник на општина Делчево“

Бр.09-803/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29.04.2022 — Претседател,
Делчево — Гоце Попов,с.р.

13. Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. весник на РСМ бр.32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, број 5/2002), Советот на Општина Делчево на 8. седница одржана на ден 29.04.2022 година, донесе

**Дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022**

I. Во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022 година бр. 09-2544/1 од 28.12.2021 година се врши следната дополна:

II.Во поглавјето ,, Урбанистички планови за град Делчево,, по точката 21 се додава нова точка и тоа:

– **точка 22** , која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1,13 површински соларни и фотоволтаични централи во опфат на КП бр. 6293, КП бр.2857 и кп БР.2858, КО Град , Општина Делчево.

III.Дополнувањето на **Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022** стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09 –804/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

29.04.2022 год. — Претседател

Делчево — Гоце Попов,с.р.

14. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево “ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021 ), Советот на Општина Делчево на својата 8. седница, одржана на ден 29.04.2022 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА за доделување на стипендии

на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево бр.09- 2223 /1 од 15.11.2021 година

Член 1

Во Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево бр.09-2223 /1 од 15.11.2021 година („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.11/21), во член 1 зборовите: „10 (десет) стипендии“ се заменуваат со зборовите: „11 (единаесет) стипендии“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 -805/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

29.04.2022 година Претседател

Делчево Гоце Попов,с.р.